# Информации за вас - Coronavirus (COVID 19)

**Ние во Bolton Clarke го сфаќаме вашето и здравјето на нашите вработени многу сериозно.**

Овие информации се за вас за тоа како работиме за да ве заштитиме во текот на избувнувањето на Coronavirus. Тие ќе ви помогнат да имате најнови информации и ќе нѝ помогне да го спречиме пренесувањето на болеста.

Како здравствена служба, ние точно ги спроведуваме советите од Австралиската влада и од нејзиниот Главен медицински началник.

## Како се пренесува Coronavirus (COVID-19)

**Coronavirus се пренесува од човек на човек преку:**

- Близок контакт со лице кое е заразено со вирусот
- Контакт со ситни капки од лице кое е заразено со вирусот и кашла или кива
- Допирање на предмети или површини (на пример, кваки или маси) на кои има капки од лице заразено со вирусот, ако потоа го допирате вашето лице[1].

**Добрата хигиена на рацете и покривањето на вашето лице со свиткан лакт кога кивате или кашлате е најдобра заштита од повеќето вируси.**

- Често мијте ги рацете со сапун и вода пред и после јадење, и по одењето во тоалет
- Покривајте го лицето со свиткан лакот кога кашлате или кивате, користените хартиени марамчиња фрлајте ги во канта за отпадоци и мијте ги рацете
- Одбегнувајте да бидете блиску до други луѓе, стојте на повеќе од 1.5 метар подалеку.

Белешка: 1. Австралиска влада (2020). Советодавен информативен лист за Coronavirus (COVID 19).



# Information for you - Coronavirus (COVID 19)

**We at Bolton Clarke take the health and safety of you and our staff very seriously.**

This information is for you on how we are working to protect you during the Coronavirus outbreak. This will help you stay up to date and help us to prevent the spread.

As a health care service, we closely follow the advice from the Australian Government and their Chief Medical Officer.

## How Coronavirus (COVID-19) is spread

**Coronavirus is spread from person to person through:**

- Close contact with a person who has the virus
- Contact with droplets from a person who has the virus and who is coughing or sneezing
- Touching things or surfaces (e.g. doorknobs or tables) that have droplets on them from a person who has the virus, and then touching your face[1].

**Practising good hand hygiene and covering your face with your bent elbow when you sneeze, or cough is the best defence against most viruses.**

- Wash your hands often with soap and water, before and after eating and after using the toilet
- Cover your face with your bent elbow when you cough or sneeze, put used tissues in the bin and wash your hands
- Avoid being close to others, stand more than 1.5metres away.

Reference: 1. Australian Government (2020). Advice fact sheets on Coronavirus (COVID 19).

# Информации за вас - Coronavirus (COVID 19)

## Како да останете безбедни вие и нашите вработени

**Проверка**

- Пред да дојдеме кај вас дома, ќе ви се јавиме по телефон и ќе ви поставиме четири прашања. Тоа е за да провериме, пред да ве посетиме, дали вие и сите кај вас дома сте здрави и да ве увериме дека и ние сме здрави.
- Кога ќе дојдеме кај вас дома, ќе ве прашаме како сте и може да ви ја измериме температурата.

**Нашите вработени**:

- Се добро обучени во врска со контролата и спречувањето на инфекции, вклучувајќи добра хигиена на рацете.
- Ќе доаѓаат на работа само ако се здрави.
- Имаат предимство за тестирање на Coronavirus ако е потребно, затоа што ние сме здравствена служба.
- Ќе соработуваат со вас ако сакате да дознаете повеќе како целосно или делумно да се грижите за себе.

**Маски – совети од Главниот медицински началник на Австралија**

- Ако сте здрави, не треба да носите маска кога ве посетуваат нашите вработени.
- Ако сте здрави, нашите вработени нема да носат маска кога ве посетуваат.
- Нашите вработени ќе носат маска само кога негуваат некого за кој постои сомневање или е потврдено дека е заразен со Coronavirus или други вируси.



# Information for you - Coronavirus (COVID 19)

## Keeping you and our staff safe

**Checking in**

- We will phone you and ask you four questions before visiting. This is to make sure you and everyone in your house are well before we visit and to reassure you that we are well too.
- When we arrive at your house, we will ask questions on how you are feeling and may take your temperature.

**Our staff:**

- Are well trained in infection control and prevention, including good hand hygiene.
- Will only come to work if they are well.
- Have access to priority testing for Coronavirus if needed because we are a health care service.
- Will work with you if you are interested in learning more about how you can do all, or part of your care.

**Masks – advice from Australia's Chief Medical Officer**

- If you are well, you do not need to wear a mask when our staff visit.
- If you are well, our staff will not wear a mask when we visit.
- Our staff will only wear a mask when they are caring for someone suspected or confirmed with Coronavirus or other viruses.